Архивски број: 08-188/6
03.05.2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-188/1 од 24.03.2022 година поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] од [redacted] Општина Карпош, Скопје, за сторено вознемирување во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус, насочено кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) на 03.05.2022 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус, насочено кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted]

## Образложение

На 24.03.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] фронт" од Скопје за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted]

Согласно наводите од претставката подносителот тврди дека на 22.03.2022 година во 13:16 ч, преку информатички систем, со објава на текстуална содржина – статус од кориснички профил на социјалната мрежа „Фејсбук" [redacted] во својата јавна објава ширел расистички и ксенофобичен пишан материјал чија содржина промовирала омраза против маргинализирана група. Во претставката е наведен текстот на објавата во кој се вели:

***„Туууу, штета ... Уште ова фалеше за да станеме држава, ама статива. Име на држава насила смениja, не па пол доброволно да си сменат хермафродитите политикантски. Башка, на северџаните на нотар не им треба 2/3-ско мнозинство. Зијан, голем. Непребол...."***, во контекст на повлечениот предлог Закон за матична евиденција, а кој текст, согласно наводите од претставката бил предмет на лајкови, коментари и споделувања меѓу другите учесници на социјалната мрежа со што се поттикнува омраза кон ЛГБТИ+ заедницата и група од етничка припадност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 28.03.2022 година се обрати до Министерството за внатрешни работи со Барање за информации со цел да ја потврди автентичноста на објавата. На ден 15.04.2022 пристигна материјал од страна на МВР кој ја потврдува автентичноста на објавата на социјалната мрежа ,,Facebook" од профилот на [redacted] детектирана од страна на Секторот за економски и компјутерски криминал, со следната содржина: ***,,Тууух, штета...Уште ова фалеше за да станеме држава, ама статива, Име на државата насила смениja, не па пол доброволно да си сменат, хермафродитите политикантски. Башка, на северџаните на нотар не им треба 2/3 мнозинство. Зијан голем. Непребол."*** Достапна на следниот URL линк:

https://www.facebook.com/ljupco.cvetanovski/posts/10159578309299484

Согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на ден 28.03.2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави известување до [redacted], со цел произнесување по наводите во претставката. На ден 18.04.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на [redacted] Во одговорот на претставката е наведено дека посочената содржина е всушност политичка сатира која се потсмева на популизмот на властите и е насочена исклучиво кон политичката елита, а во ниту еден случај кон припадниците на ЛГБТ+ заедницата. Во контекст на тврдењата изнесени во претставката дека објавата продуцира расистички и ксенофобичен материјал, [redacted] во одговорот навел дека никаде низ текстот не се спомнува раса или етничка група, ниту текстот шири омраза кон некоја од тие групи. Дополнително, во одговорот е наведено дека се работи за политички коментар кој содржи јасна критика кон начинот на работа на власта, во контекст на владиниот предлог Закон за матична евиденција.

Имајќи ја предвид одредбата за вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:
*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека во конкретниот случај содржината од спорната објава нема за цел повреда на достоинството на припадниците на ЛГБТ+ заедницата, ниту создава заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина или практика кон тие лица врз дискриминаторска основа. Од конктекстот на објавата од „Фејсбук" профилот на [redacted] се воочува дека таа не е насочена кон припадниците на ЛГБТ+ заедницата или према група од етничка припадност. Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одучи како во диспозитивот на мислењето дека со наведената објава [redacted] не извршил вознемирување врз припадниците на ЛГБТ+ заедницата врз основа на пол,

припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус во областа на јавно информирање и медиуми.

Скопје
03.05.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

[redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk